Врз основа на член 50 и член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024) а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на културата за 2026 година, Глава II Проектни активности, точка 5 Филмска недела-Карпош кино на отворено (Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2025), Правилник за условите, начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства од дејност култура бр. 11-759/1 и Одлука за објавување на Јавен оглас за Филмска недела - Карпош кино на отворено бр. 11 - 6055/2 од 29.06.2026 година, Комисијата за Филмска недела-Карпош кино на отворено објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за Филмска недела- Карпош кино на отворено**

1. Целта на активноста е унапредување и развој на културата во Општина Карпош.

2. Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на програмската активност е во износ од 200.000,00 денари, предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2026 година.

3. Право на учество имаат сите заинтересирани правни и физички лица од државата кои ја опфаќаат дејноста филм и филмска продукција, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

4. Подносителите потребно е да достават барање со основни информации и тоа:

    - Име и презиме (физички лица), адреса, телефонски број, е-маил адреса, трансакциска сметка
    - име на организација (правни лица), адреса, телефонски број, е-маил адреса, лице за контакт

- жиро сметка на здружението
- краток опис на организацијата
- предлог - проект
- потребен буџет
- досегашни организирања на кино на отворено
- број на понудени филмови
- популарни, атрактивни хит наслови
- правното или физичкото лице потребно е да обезбеди комплетно техничка опрема за изведување на филмските проекции.

5. Еден подносител може да достави еден или повеќе предлог – проекти. Секој предлог – проект потребно е да биде доставен со посебно барање и посебен архивски број.

6. Јавниот оглас се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош и печатени медиуми.

7. Периодот на реализација помеѓу 21.08.2026 година и 27.08.2026 година.

8. Начин на пријавување:

Заинтересираните правни и физички лица потребните документи да ги поднесат во Архивата на Општина Карпош во затворен плик со назнака за Филмска недела – Карпош кино на отворено заклучно со 24.07.2026 година, до 15.30 часот.

9. Условите, начинот, критериумите и постапката за распределување на финансиската поддршка ќе се уреди со претходно изготвен правилник за оваа намена.

**КОМИСИЈАТА ЗА**
**Филмска недела –Карпош кино на отворено**